| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 36.352.677 | 1.853.000 | 11.060.000 | 29.878.000 | 0 | 0 | 42.791.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **23.733.550** | **0** | **0** | **27.076.000** | **0** | **0** | **27.076.000** |
| 401 | Основни плати | 16.793.000 | 0 | 0 | 19.004.000 | 0 | 0 | 19.004.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 6.385.000 | 0 | 0 | 7.358.000 | 0 | 0 | 7.358.000 |
| 404 | Надоместоци | 555.550 | 0 | 0 | 714.000 | 0 | 0 | 714.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **12.504.127** | **0** | **10910000** | **2.352.000** | **0** | **0** | **13.262.000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 50.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.989.127 | 0 | 2.780.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 3.780.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 6.975.000 | 0 | 5.370.000 | 500.000 | 0 | 0 | 5.870.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 280.000 | 0 | 230.000 | 52.000 | 0 | 0 | 282.000 |
| 425 | Договорни услуги | 560.000 | 0 | 310.000 | 700.000 | 0 | 0 | 1.010.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 150.000 | 0 | 170.000 | 100.000 | 0 | 0 | 270.000 |
| 427 | Привремени вработувања | 1.500.000 | 0 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **115.000** | **0** | **150000** | **150.000** | **0** | **0** | **300.000** |
| 464 | Разни трансфери | 115.000 | 0 | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 300.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **300.000** | **0** | **0** | **300.000** |
| 480 | Купување на опрема и маШини | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 300.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **0** | **1.853.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.853.000** |
| 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 0 | 1.853.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.853.000 |

28

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
**Ниво на: СТАВКА**

| Категорија Ставка ОПИС | Предходен буџет | БУЏЕТ Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **352.121.715** | **117.839.697** | **12.962.000** | **226.333.340** | **7.457.480** | **0** | **364.592.517** |
| V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 36.352.677 | 1.853.000 | 11.060.000 | 29.878.000 | 0 | 0 | 42.791.000 |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **23.733.550** | **0** | **0** | **27.076.000** | **0** | **0** | **27.076.000** |
| 401 Основни плати | 16.793.000 | 0 | 0 | 19.004.000 | 0 | 0 | 19.004.000 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 6.385.000 | 0 | 0 | 7.358.000 | 0 | 0 | 7.358.000 |
| 404 Надоместоци | 555.550 | 0 | 0 | 714.000 | 0 | 0 | 714.000 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **12.504.127** | **0** | **10.910.000** | **2.352.000** | **0** | **0** | **13.262.000** |
| 420 Патни и дневни расходи | 50.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.989.127 | 0 | 2.780.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 3.780.000 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 6.975.000 | 0 | 5.370.000 | 500.000 | 0 | 0 | 5.870.000 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 280.000 | 0 | 230.000 | 52.000 | 0 | 0 | 282.000 |
| 425 Договорни услуги | 560.000 | 0 | 310.000 | 700.000 | 0 | 0 | 1.010.000 |
| 426 Други тековни расходи | 150.000 | 0 | 170.000 | 100.000 | 0 | 0 | 270.000 |
| 427 Привремени вработувања | 1.500.000 | 0 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **115.000** | **0** | **150.000** | **150.000** | **0** | **0** | **300.000** |
| 464 Разни трансфери | 115.000 | 0 | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 300.000 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **300.000** | **0** | **0** | **300.000** |
| 480 Купување на опрема и маШини | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 300.000 |
| **49 ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **0** | **1.853.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.853.000** |
| 491 Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 0 | 1.853.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.853.000 |

29

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
**Ниво на: СТАВКА**

| Категорија Ставка ОПИС | Предходен буџет | БУЏЕТ Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **352.121.715** | **117.839.697** | **12.962.000** | **226.333.340** | **7.457.480** | **0** | **364.592.517** |
| VA КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 2.123.000 | 7.000.000 | 840.000 | 0 | 0 | 0 | 7.840.000 |
| **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| VA0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 2.123.000 | 7.000.000 | 840.000 | 0 | 0 | 0 | 7.840.000 |
| **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **270.000** | **7.000.000** | **840000** | **0** | **0** | **0** | **7.840.000** |
| 480 Купување на опрема и маШини | 240.000 | 0 | 340.000 | 0 | 0 | 0 | 340.000 |
| 482 Други градежни објекти | 0 | 7.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.000.000 |
| 483 Купување на мебел | 30.000 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **49 ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **1.853.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 491 Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 1.853.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| VA0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 2.123.000 | 7.000.000 | 840.000 | 0 | 0 | 0 | 7.840.000 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **270.000** | **7.000.000** | **840.000** | **0** | **0** | **0** | **7.840.000** |
| 480 Купување на опрема и маШини | 240.000 | 0 | 340.000 | 0 | 0 | 0 | 340.000 |
| 482 Други градежни објекти | 0 | 7.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.000.000 |
| 483 Купување на мебел | 30.000 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **49 ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **1.853.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 491 Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 1.853.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

30

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
### Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 352.121.715 | 117.839.697 | 12.962.000 | 226.333.340 | 7.457.480 | 0 | 364.592.517 |
| W0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 11.383.000 | 0 | 0 | 13.473.000 | 0 | 0 | 13.473.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| W00 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА | 11.383.000 | 0 | 0 | 13.473.000 | 0 | 0 | 13.473.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **11.383.000** | **0** | **0** | **13.473.000** | **0** | **0** | **13.473.000** |
| 401 | Основни плати | 7.599.000 | 0 | 0 | 9.515.000 | 0 | 0 | 9.515.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 3.432.000 | 0 | 0 | 3.533.000 | 0 | 0 | 3.533.000 |
| 404 | Надоместоци | 352.000 | 0 | 0 | 425.000 | 0 | 0 | 425.000 |
| W00 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАш ТИТА | 11.383.000 | 0 | 0 | 13.473.000 | 0 | 0 | 13.473.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **11.383.000** | **0** | **0** | **13.473.000** | **0** | **0** | **13.473.000** |
| 401 | Основни плати | 7.599.000 | 0 | 0 | 9.515.000 | 0 | 0 | 9.515.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 3.432.000 | 0 | 0 | 3.533.000 | 0 | 0 | 3.533.000 |
| 404 | Надоместоци | 352.000 | 0 | 0 | 425.000 | 0 | 0 | 425.000 |

31

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
### Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 352.121.715 | 117.839.697 | 12.962.000 | 226.333.340 | 7.457.480 | 0 | 364.592.517 |
| X1 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 70.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 70.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **70.000** | **60.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60.000** |
| 425 | Договорни услуги | 50.000 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 20.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 70.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **70.000** | **60.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60.000** |
| 425 | Договорни услуги | 50.000 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 20.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |

32

**Член 4**

Буџетот на Општина Делчево за 2024 година влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на општината" а ќе се применува до 31 декември 2024 година.

Бр. 09-2562/1

31.12.2023 г.

Делчево

Претседател на Советот на Општина Делчево

Гоце Попов

14.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 3 од Статутот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на 30. редовна седница одржана на 29.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година

**Член 1**

Буџетот на Општина Делчево за 2024 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:Основен буџет, Буџет на самофинансирачки

активности, Буџет на дотации, Буџет на донации и Буџет на кредити.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основниот буџет се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на заеми, буџетот на дотации, или буџетот на донации планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи.

- коефициент за утврдување на плата на избраните и именуваните лица -Градоначалниксе определува според бројот на жителите во општината и  изнесува 2,9, аосновицата  на која се пресметува е утврдена согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија (“Службен весник на РМ” бр.36/90, 44/90, 11/91, 38/91,23/97, 37/05, 84/05,110/07, 121/07, 161/08, 92/09, 139/09, 153/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18 и “Службен весник на РСМ” бр.65/23).
- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.
- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Законот за исплата на платите во Р.С. Македонија и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Р.С. Македонија.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2024 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации се спроведува на следниот начини:

-средствата се планираат на сметка (930), а се извршуваат преку сметката- дотации на локални јавни установи (903),

-локалните јавни установи финансирани со блок дотации  се должни  до крајот на месецот до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат следните обрасци ( копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати)  за месецот за кој се однесува платата.

-во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации, истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата  се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотација.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

На членовите на Советот на Општина Делчево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Делчево се утврдува во процентуален износ и изнесува 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот на Општина Делчево за раководењето и организирањето наработата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 13

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи, на вработениот во Општината, му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата.

Исплатите на погоре наведениот надоместок се врши врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на Општината.

Член 14

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 15

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во
случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Надоместокот за дневница на службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 700,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 2 од овој член

Член 16

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите, одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

Член 17

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 18

Вработувањата во општинската администрација се врши согласно актитеза организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности, согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

-вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање градоначалникот на Општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и

- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3)и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 19

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 20

Буџетот на Општината Делчевосе извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

Член 21

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Делчево”, а ќе се применува од 01 Јануари 2024година.

09-2563/1 П Р Е Т С Е Д А Т Е Л
31.12.2023г. на Совет на Општина Делчево
Делчево Гоце Попов,с.р.

15.

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15,154/15,5/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр.275/2019, 14/2020 и 215/2021 и 99/2022),член 62 од Законот за локална самоуправа ( “Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 24 став 3 од Статутот на Општина Делчево , Советот на Општина Делчево, на 30. редовна седница одржана на 29.12.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за платите
на државните службеници за 2024 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“, а ќе се применува со исплатата на плата за месец јануари 2024 година.

09-2564/1 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ
31.12.2023 на Општина Делчево

Делчево Гоце Попов,с.р.

16. Согласно член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС, (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на 30. седница одржана на ден 31.12.2023 година, донесе

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАРза 2024 година

Со буџетскиот календар за 2024 година се определуваат роковите, активностите и одговорноста во донесувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година како што следува:

| Датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| јануари | Подготовка и доставување на квартралните извештаи за 4 квартал од претходната година | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања |
| 15 дена по истекот на секој месец | Месечни извештаи на општинските буџетски корисници до општината | Општински буџетски корисници |
| Месец март | -Се донесува Годишната сметка на буџетот на општината за 2023 година<br>-Годишната сметка на буџетот се доставува до Министерството за финансии | Совет на општина/ Градоначалникот |
| Месец април | Подготовка и доставување на квартралните извештаи за 1 квартал од тековната година | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансии |
| Месец јули | Подготовка и доставување на квартралните извештаи за 2 квартал од тековната година | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања |
| Месец септември | Се анализираат резултатите/ реализацијата на програмите/проектите од претходниот период , и потребата за нивно унапредување, дополнување, продолжување/прекинување итн.. По потреба се реализираат првични форумски сесии/консултативни средби со граѓаните. | Градоначалник/ Општинска администрација |
| Месец септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината | Министер за финансии |
| Месец октомври | Градоначалникот подготвува и доставува општински буџетски циркулар | Градоначалник |
| Месец октомври | Подготовка и доставување на квартралните извештаи за 3 квартал од тековната година | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| **Месец октомври** | Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година | Општинските буџетски корисници/Општинска администрација |
| **Октомври/ноември** | -Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни.<br>- Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот | Градоначалник/Општинска администрација |
| **Месец ноември** | Најдоцна до 15-ти ноември се донесува Ребалансот | Совет на општина |
| **Месец ноември** | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината. | Градоначалник |
| **Месец декември** | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| **Месец декември** | -Донесување на Буџетот за наредната буџетска година;<br>-Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината;<br>-Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници;<br>-Донесување на Буџетски календар за наредната година;<br>-Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно чл.28.ст.2 од Законот за финансирање на ЕЛС. | Совет на општина |

Број 09-2565/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
31.12.2023 Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

17.
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 22 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 I 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 30.седница, одржана на ден 31 .12.2023 година, донесе

ПРОГРАМА
за работа на Советот на Општина Делчево за 2024 година

## ВОВЕДЕН ДЕЛ

Надлежностите на Единиците на локалната самоуправа, утврдени во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот на Советот претставуваат основа за донесување на Програмата за работа на Советот на Општината Делчево за 2024 година.

Со цел да обезбеди услови за остварување на надлежностите и извршување на својата функција, како и обезбедување на пристап на сите заинтересирани субјекти, Советот ја програмира својата работа, при тоа на транспарентен начин презентирајќи ги основните насоки по кои ќе се раководи во текот на 2024 година.

Програмата во текот на целата година ќе биде отворена за секој нов предлог и истиот ќе биде добродојден, ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитет.

Врз основа на доставените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево. Така е изготвена Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2024 година.

Во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа Програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа. Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на општина Делчево, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државни органи.
Врз основа на напред наведеното, дадените предлози и согледувањата на стручните служби во Општината Делчево, Програмата за работа на Советот за 2024 година е како што следува:

## ПОСЕБЕН ДЕЛ

| Ред.бр. | Назив на актот | Предлагач | Изготвувач | Рок за донесување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Квартален изештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година за квартал 4; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Јануари/Февруари |
| 2 | Годишна сметка и годишен извештај на општина Делчево за 2023 година | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Од 1 до 15 Март |
| 3 | Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2024 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Јануари |
| 4 | Програма за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во општина Делчево за 2024 година; | Градоначалник | Декември | Јануари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Програма за управување со отпад во општина Делчево за 2024 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Јануари |
| 6 | Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2024 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Јануари |
| 7 | Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за 2024 година | Директор | ЈПКД „Брегалница“-Делчево | Јануари |
| 8 | Програма за социјална заштита | Градоначалник | Одделение за правни и општи таботи | Јануари |
| 9 | Програма за одржување на јавната чистота во Општина Делчево за 2024 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам | Јануари |
| 10 | Полугодишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | Директор на ООУ „В.Прке“ | Сметководител, Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | Февруари |
| 10 | Годишна сметка за 2023 година на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | Директор на ООУ „Ванчо Прке“ | Сметководител, Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | Февруари |
| 11 | Годишна/завршна сметка (Извештај за реализација на материјално-финансиското работење) за 2023 година | Сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Најдоцна до 28.02.2023 година |
| 12 | Полугодишен извештај за работата на ООУ „ Св.Климент Охридски“-Делчево; | Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски““ | Сметководител,Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево | Февруари-Март |
| 13 | Годишна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево; | Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски | Сметководител,Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево | Февруари-Март |
| 14 | Годишен план за вработување во | Градоначалник | Одделение за | Февруари/Март |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Општина Делчево за 2025 година; | | човечки ресурси | |
| 15 | Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација; | Градоначалник | Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | По потреба |
| 16 | Одлука за утврдување на висината на бодот за пресметување на плата во ОЈУДГ „Весели Цветови“ | Директор УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Февруари |
| 17 | Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работно време детската градинка; | Директор УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | По потреба |
| 18 | Одлука за усвојување на Годишна сметка на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за 2023 година; | Директор, УО на ЈПКД „Брегалница“-Делчево | ЈПКД „Брегалница“-Делчево | Март |
| 19 | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈПКД „Брегалница“-Делчево; | Директор, УО на ЈПКД „Брегалница“-Делчево | ЈПКД „Брегалница“-Делчево | Март 2023 |
| 20 | Одлука за усвојување на Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2024-31.03.2024; | Директор, УО на ЈПКД „Брегалница“-Делчево | ЈПКД „Брегалница“-Делчево | Април |
| 21 | Одлука за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца; | Директор УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Септември/Октомври |
| 22 | Одлуки за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка документација; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на ЖС | Тековно и по потреба |
| 23 | Одлуки за утврдување на потреба за изработка и донесување на ЛУПД за потребите на општина Делчево и на заинтересирани странки; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на ЖС | Февруари-Декември |
| 24 | Одлуки за поддршка на проекти од програма ИПА прекугранична соработка Македонија-Бугарија преку | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи | По објавен повик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Министерство за финансии | | и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | |
| 25 | Одлуки за поддршка на проекти од Агенцијата за поддршка на земјоделството и рурален развој | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По потреба |
| 26 | Одлуки за поддршка на проекти од Бирото за регионален развој; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По потреба |
| 27 | Одлуки за поддршка на проекти преку Канцеларијата на Источно-планскиот регион; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По потреба |
| 28 | Одлуки за поддршка на проекти преку Швајцарската агенција за развој и соработка-Програма за зачување на природата; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По потреба |
| 29 | Програма за управување со отпад; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Мај-Декември |
| 30 | Одлука за определување на општинските патишта на подрачјето на општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Мај-Декември |
| 31 | Програма за јавно осветлување | Градоначалник | Оделение за урбанизам уредување на ГЗ, | Март |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | |
| 32 | Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за втор квартал; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Јуни-Јули |
| 33 | Годишна програма за работата на ООУ „Ванчо Прке“ | УО на ООУ „Ванчо Прке“ | Директор | Јули |
| 34 | Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“; | УО на ООУ | Директор | Јули-Август |
| 35 | Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“; | УО на ООУ | Директор | Јули- Август |
| 36 | Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“; | УО на ООУ | Директор | Јули- Август |
| 37 | Годишна програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“ | УО на СОУ | Директор | Јули- Август |
| 38 | Одлука за усвојување на Шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2023-30.06.2023; | Директор, УО на ЈПКД „Брегалница“-Делчево | ЈПКД „Брегалница“-Делчево | Јули |
| 39 | Ребаланс на Буџетот на општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Септеври/Октомври |
| 40 | Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за трет квартал; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Октомври-Ноември |
| 41 | Одлука за усвојување на измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Септември-Ноември |
| 42 | Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“ | УО на СОУ | Директор | Септември |
| 43 | Годишната програма за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“ | УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“ | Директор | Најдоцна до 30 Септември |
| 44 | Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“ | Директор | Најдоцна до 30 Септември |
| 45 | Одлука за доделување на студентски стипендии | Градоначалник на Општина Делчево | Одделение за прави и општи работи и јавни дејности | Ноември |
| 46 | Одлука за доделување на | Градоначалник на | Одделение за | Ноември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ученички стипендии | Општина Делчево | прави и општи работи и јавни дејности | |
| 47 | План на Програми за развој на Општина Делчево за 2024 | Градоначалник на Општина Делчево | Одделение за урбанизам и Одделение за финансиски прашања | До крај на месец Ноември |
| 48 | Буџетски календар за 2024 година; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Декември |
| 49 | Буџет на Општина Делчево за 2024 година; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Декември |
| 50 | Одлука за извршување на Буџет на Општина Делчево за 2024; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Декември |
| 51 | Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2024 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Декември |
| 52 | Програма за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во општина Делчево за 2024 година; | Градоначалник | Декември | Декември |
| 53 | Програма за управување со отпад во општина Делчево за 2024 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Декември |
| 54 | Одделно мислење за секоја програма за изведување на екскурзии и др.слободни активности на ООУ и СОУ; | УО на ООУ | Одделение за прави и општи работи и јавни дејности | По потреба |
| 55 | Програма за одбележување настани и културни манифестации на Општина Делчевоза 2023 година; | Градоначалник | Комисија за организирање настани и културни манифестации | Декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 56 | Програма за промоција и комуникација со јавноста на Општина Делчево за 2023 г. | Градоначалник | Комисија за организирање настани и културни манифестации | Декември |
| 57 | Функционална анализа | Градоначалник | Одделение за човечки ресурси | По потреба |
| 58 | Извештај за реализација на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2022 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Декември |
| 59 | Извештај за реализација на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици за 2022; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Декември |
| 60 | Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Декември |
| 61 | Извештај за реализација на своите надлежности (член 50 став 1 точка 10 од ЗЛС) | Градоначалник | | Периодично |

Советот на Општина Делчево во текот на 2024 година, зависно од потребата за усогласување со законската регулатива, дава согласност на статутите на установите кои се во надлежност на Советот (ЈПКД „Брегалница“, СОУ „М.М.Брицо“, ООУ „В.Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“, ЈЛБ „Илинден“ и ОЈУДГ „Весели Цветови“.

Исто така, Советот на Општина Делчево именува и разрешува членови во органите на управување и донесува одлуки за начинот на располагање со средствата на истите. Советот на Општина Делчево го усвојува Полугодишниот и Годишниот извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патишата на подрачјето на општина Делчево.

Во тековната година, согласно согледувањата и потребата, Советот одлучува по барања за дополнувања на блок (наменските) дотации на корисниците од сопствени извори на Општината. Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2024 година не е затворена и може да

се надополнува доколку се јави потреба за тоа, согласно член 2 од Одлуката за формирање на Комисијата за изработка на Програма за работа на советот и член 134 од Деловникот.

НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општината Делчево ја регулира нормативната дејност на Советот во 2023 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што ќе бидат донесени во текот на 2024 година.

ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени во истата. Во текот на 2024 година Советот на Општината Делчево ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.
Програмата ќе се објави во „Службен гласник на Општината Делчево”.

Број 09- 2566/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
31 .12.2023 год. — Претседател,
Д е л ч е в о — Гоце Попов,с.р.

**18.**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-1664/1 од 23.08.2023 година,Советот на Општина Делчево на својата 30.седница, одржана на ден 31.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А

**за финансиска помош по Барање УП 1-21-300 од 28.11.2023 година**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **10.000** денари.

Средствата ќе бидат наменети за долготрајно лекување после опреативен зафат на Нофка Шиндева од Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име Нофка Шиндева на трансакциска сметка 200003044695938 Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 256 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

31.12. 2023 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.